**ГРАД СКОПЈЕ**
Градоначалник

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 204

**Наш број:** 08 - 9615
05. 05. 2023
**Скопје**

Врз основа на член 50 став (1) точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), Градоначалникот на Град Скопје, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас

1.За извршител на работното место **Командир на вод на центар Автокоманда** со шифра ПОЖ0210Б03000 во Територијалната противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување се избира кандидатот **Александар Петровски.**
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

## Образложение

На ден 20.04.2023 година на интернет страницата на Град Скопје објавен е интерен оглас бр.02/2023 за пополнување работно место со унапредување во Територијалната противпожарна единица на Град Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение од Градоначалникот на Град Скопје бр.08-3994/4 од 25.04.2023 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодирање изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Командир на вод на центар Автокоманда со шифра ПОЖ0210Б03000 во Територијалната противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување, предложи да се избере кандидатот Александар Петровски.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави приговор до Градоначалникот на Град Скопје во рок од 8 дена од денот на неговото врачување.

Изготвил: Валентина Ѓоргиевска
Контролирал: Валентина Ѓоргиевска

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат
- Секторот за управување со човечки ресурси
- Архивата

**Град Скопје**
**Градоначалник**

**Данела Арсовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT - SHKUP